ИСРС
ISRS
М

ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUTI PËR STANDARDIZIM I
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 02- 172/6
08 03 2023 год.-viti
Скопје-Shkup

**ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ЧЛЕНАРИНАТА**
**ЗА 2023 ГОДИНА**

Изработил:
Филип Тасков

Скопје,февруари 2023 год.

Врз основа на член 23, став 1, алинеа 10 од Статутот на Институтот за стандардизација на Република Македонија бр. 02-175/1 од 06.02.2020 година, а во врска со 5 од Правилникот за начинот за определување на висината и плаќањето на членарината бр. 07-763/7 од 23.06.2004 година, Советот на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија на 86-та седница одржана на 23.02.2023 година донесе:

**ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ЧЛЕНАРИНАТА ЗА 2023 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа Одлука се определува висината на финансиската единица за пресметка на членарината за претпријатијата и образовните институции како и процентот од просечната месечна нето плата во 2022 година во Република Северна Македонија за пресметка на членарината за институтите-установите, здруженијата на граѓани и физичките лица.

Член 2

Финансиската единица за пресметка на членарината за претпријатијата и образовните институции изнесува 330 денари.

Член 3

Процентот од просечна месечна исплатена нето-плата во Република Северна Македонија за пресметка на членарината за институтите-установите изнесува 15%.

Член 4

Процентот од просечна месечна исплатена нето-плата во Република Северна Македонија за пресметка на членарината за здруженијата на граѓани изнесува 10%.

Член 5

Процентот од просечна месечна исплатена нето-плата во Република Северна Македонија за пресметка на членарината за физичките лица изнесува 5%.

Член 6

Пресметката на висината на членарината за 2023 година по категории членови на ИСРСМ е на направена согласно последните податоци на Државниот завод за статистика на РСМ во однос на просечната нето плата по вработен за (I-XI месец) 2022 година и се составен дел на оваа Одлука. (табеларен приказ)

Член 7

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Скопје,
23.02.2023 година

Претседател на Советна ИСРСМ
Габриела Кулебанова

ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Пресметка на висината на членарината за 2023 година по категории членови на ИСРСМ

| Категории на членови на ИСРСМ | | Број на финансиски единици/ висина на процентот од просечната месечна исплатена нето-плата во РСМ за пресметка на висината на членарината | Висина на финансиска единица за 2023 за просечна месечна исплатена нето-плата по вработен во период од (I – XI) Месец 2022* | Износ на членарина за 2023 |
|---|---|---|---|---|
| **Претпријатија** | до 50 вработени | 20 финансиски единици | 330,00 МКД | 6.600,00 МКД |
| | од 51 до 250 вработени | 40 финансиски единици | | 13.200,00 МКД |
| | од 251 до 1000 вработени | 60 финансиски единици | | 19.800,00 МКД |
| | над 1000 вработени | 100 финансиски единици | | 33.000,00 МКД |
| **Образовни институции** | до 200 студенти | 10 финансиски единици | 330,00 МКД | 3.300,00 МКД |
| | од 200 до 500 студенти | 20 финансиски единици | | 6.600,00 МКД |
| | над 500 студенти | 30 финансиски единици | | 9.900,00 МКД |
| **Институти-установи** | | 15 % од просечната месечна исплатена нето-плата во РМ | 31.635,00 МКД* | 4.745,00 МКД |
| **Здруженија на граѓани** | | 10% од просечната месечна исплатена нето-плата во РМ | | 3.164,00 МКД |
| **Физички лица** | | 5% од просечната месечна исплатена нето-плата во РМ | | 1.582,00 МКД |

*последни податоци на Државен Завод за Статистика на РМ во однос на просечната месечна исплатена нето-плата по вработен за ( I - XI Месец ) 2022 год;
види : https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=40